**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

Врз основа на точка 2 од дел IV од Програмата за промоција на обновливи извори на енергија и поттикнување на енергетска ефикасност во домаќинствата за 2019 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 15/2019), Министерството за економија

**објавува**

# ЈАВЕН ОГЛАС
## за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени ПВЦ или алуминиумски прозорци во домаќинствата за 2019 година

1. **Опис на јавниот оглас**

1.1 Министерството за економија со цел за стимулирање на користењето на мерката за замена на ПВЦ или алуминиумски прозорци во Република Северна Македонија, на купувачите на ПВЦ или алуминиумски прозорци и потребната инсталација, кои ќе ги купат и вградат во своите домови по денот на објавувањето на овој оглас заклучно со 30 јуни 2019 година, ќе им обезбеди поврат на дел од средствата кои ги потрошиле за купување на ПВЦ или алуминиумски прозорци до 50 %, но не повеќе од 25.000 денари се до искористување на предвидените средства во Буџетот на Република Северна Македонија за оваа намена, под услов купувачот да го нема искористено правото на поврат на дел од средствата за купување и вградување на ПВЦ или алуминиумски прозорци во својот дом врз основа на претходните Јавни огласи на Министерството за економија објавени во 2017 и 2018 година.

2. **Барање за искористување на правото на надоместок**

2.1 Право на учество на овој јавен оглас ќе имаат купувачите кои имаат купено и вградено во своите домови ПВЦ или алуминиумски прозорци по денот на објавувањето на Јавниот оглас заклучно со 30 јуни 2019 година и кои ќе поднесат Образец за барање за искористување на правото на надоместок.

2.2 За надоместување на дел од трошоците и докажување дека условите од дел 2.1 на овој оглас се исполнети, барателот по пошта во ЗАТВОРЕН ПЛИК до Министерство за економија на адреса „Јуриј Гагарин“ бр.15, задолжително ги доставува следните документи:

а) пополнет образец за барање кој може да се подигне во архивата на Министерството за економија или да се обезбеди преку интернет страната на министерството: www.economy.gov.mk,

б) доказ во оригинал дека е извршено купувањето на ПВЦ или алуминиумски прозорци, и тоа:

- фискална сметка, или
- фактура со извод од деловна банка за извршено плаќање за производот односно услугата, издадени по денот на објавувањето на огласот.

в) изјава заверена на нотар (издадена најрано по денот на објавувањето на огласот) дека барателот го нема искористено правото на поврат на дел од средствата за купување и вградување на ПВЦ или алуминиумски прозорци врз основа на претходните јавни огласи на Министерството за економија објавени во 2017 и 2018 година (образецот на изјавата ќе може да се подигне во архивата на Министерството за економија или да се обезбеди преку интернет страната на министерството: www.economy.gov.mk)

г) фотографии во боја од секој дрвен прозорец кој се заменува во домот и фотографии во боја од секој ПВЦ или алуминиумски прозорец кој се вградува во домот (пред и потоа).

д) копија од последна пристигната сметка за потрошена електрична енергија (не постара од месец февруари)

2.3 По исклучок на точка 2.2 од овој оглас, а во согласност со точка 1, алинеја г) од дел III од Програмата за промоција на обновливи извори на енергија и поттикнување на енергетска ефикасност во домаќинствата за 2019 година, барателот потребните документи наведени во точка 2.2 од овој оглас може да ги достави и преку архивата на Министерството за економија, **секој работен ден од 10:30 до 15:30 часот**.

Доколку купувачот достави доказ во оригинал за направените трошоци за вградувањето на ПВЦ или алуминиумски прозорци (фискална сметка или фактура со извод од деловна банка по денот на објавувањето на овој оглас), истите ќе му бидат земени во предвид при утврдување на надоместокот на дел од трошоците за купени и вградени ПВЦ или алуминиумски прозорци во домаќинствата.

Само едно лице од исто домаќинство може да поднесе барање за добивање на надоместок.

Од средствата во Буџетот на Република Северна Македонија за оваа намена ќе се одобри исплата на надомест на дел од трошоците за купени и вградени ПВЦ или алуминиумски прозорци во домаќинствата, доколку се утврди дека со купувањето односно вградувањето на истите се заменети дрвени прозорци.

Доделувањето на надоместокот ќе се врши по принципот „прв дојден прв услужен".

2.4. Кон барањето потребно е барателот да ја достави и следната документација:

- фотокопија од лична карта на барателот;
- податоци за трансакциската сметка на барателот; и

2.5 За датум на пристигање на барањето се смета датумот на пристигнување и заведување во евиденцијата на архивата на Министерството за економија најдоцна до 15:30 часот истиот работен ден.

2.6 На пликот треба да стои: ОГЛАС ЗА НАДОМЕСТУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ТРОШОЦИТЕ ЗА КУПЕНИ И ВГРАДЕНИ ПВЦ ИЛИ АЛУМИНИУМСКИ ПРОЗОРЦИ ВО ДОМАЌИНСТВА ЗА 2019 ГОДИНА, ИМЕ И ПРЕЗИМЕ И АДРЕСА НА БАРАТЕЛОТ.

**2.7 Министерството за економија го задржува правото да изврши посета во домаќинствата кои ќе поднесат барање.**

**3. Начин на остварување на правото на надоместок**

3.1 За спроведување на активностите за реализација на мерката за надомесување на дел од трошоците за купени и вградени ПВЦ или алуминиумски прозорци во домаќинствата, министерот за економија ќе формира Комисија.

3.2 Комисијата ќе има за цел да ја утврди исполнетоста на условите за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени ПВЦ или алуминиумски прозорци во домаќинствата за 2019 година од приложената документација и на министерот за економија ќе му предложи донесување на решенија за исплата на утврдениот надоместок.

3.3 Лицата кои имаат поднесено барање, а немаат уредна и комплетна документација од точка 2.2 од овој оглас нема да остварат надомест.

3.4 Исплатата на средствата за надоместување на дел од трошоците за купување ПВЦ или алуминиумски прозорци во домаќинствата за 2019 година ќе се врши врз основа на донесено решение од министерот за економија, се до искористување на предвидените средства во Буџетот на Република Северна Македонија за оваа намена.

3.5 Во моментот кога ќе се искористат предвидените средства во Буџетот на Република Северна Македонија за оваа намена, Министерството за економија ќе објави соопштение на интернет страната на министерството.

3.6 Листата на баратели кои го остваруваат правото на надомест ќе биде објавена на интернет страната на Министерството за економија.